РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено: | 04.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона | Број | | Вредност |
| 13 | 400/1 | - | |

( Образец ПП……)

**До: _Општина Демир Хисар_________________**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
„[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

Преку барање за слободен пристап до информаци од јавен карактер, за објава на „А1он“ ни требаат податоци одгвори на прашањата:

Колкав е долгот на Општината во моментов?

Кога и за што се направени долговите? (листа на долгови со опис за секоја сума поединечно со периодот во кој е направено задолжувањето)

Дали и кога сметката на Општината била блокирана? (колкав период се работело со блокирана сметка)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 13-400/2
12.04.2022 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 04.04.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] со по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со долгот на Општина Демир Хисар, се уважува.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со долгот на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 01.04.2022 година под архивски број 13-400/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во Прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 12.04.2022 година, под бр. 13-400/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-ИНФОРМАЦИЈА-

1) Вкупен долг на општина Демир Хисар заклучно со 31.03.2022 година: 35.454.345,00 денари.
Од тој долг, долгорочни обврски се 29.615.400,00 денари и тоа:

- Обврска за долгорочен кредит за изградба на локален пат Обедник-Смилево манастир Св.Петар на износ од 7.791.181,00 денари. Кредитот е земен во 2017 година, со 3 години грејс период и рок на отплата 10 години.

- Обврска за долгорочен кредит за набавка на четири минибуси на износ од 12.705.883,00 денари. Кредитот е земен во 2019 година, со 3 години грејс период и рок на отплата 10 години.

- Обврска за долгорочен кредит 10 години за реконструкција на улици во Демир Хисар (Јордан Пиперката, Илинденска, Ѓорѓи Сугарев, дел од Први мај и дел од Партизанска) на износ од 5.430.774,00 денари. Кредитот е земен во 2019 година, со 3 години грејс период и рок на отплата 10 години.

- Обврска кон ЕЛЕМ по склучена судска спогодба на износ од 3.687.562,00 денари (долгови за електрична енергија од претходен период). Спогодбата е склучена во 2015 година, а ќе се исплати до септември 2023 година.

2) Краткорочни обврски се 5.838.945,00 денари, од кои најголема обврска е за изградба на општински пат до манастир Св.Тома на износ од 3.374.260,00 денари и обврски кон ЈКП Комуналец во износ од 1.407.222,00 денари, за тековни работи (зимско одржување на улици и патишта, јавна чистота и други комунални услуги). Обврски кон членови на Совет на општина Демир Хисар во вкупен износ од 417.508,00 денари, обврски кон членови на Општинска изборна комисија во вкупен износ од 466.500,00 денари и останати обврски од тековното работење во вкупен износ 173.455,00 денари.

3) Сметката на општина Демир Хисар беше блокирана во периодот од Ноември 2008 година до Јануари 2014 година, непрекинато.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување
со човечки ресурси

---------------------------------------------------------